крстови, бронзени грбови, печати и други предмети. Знатен број предмети останале во Патријаршијата за црковниот музеј во Белград. За скопскиот црковен музеј предметите ги повлекол на 5. II. 1940 година Михајло Пешиќ.

Во записникот за преземањето на споменатите материјали се наоѓа и изјавата на Михајло Пешиќ и Арсение Шељухајев во која се вели: Во библиотеката на Патријаршијата се наоѓа приличен број ракописни и печатни книги кои се од таму пренесени, а меѓу нив треба да биде и една од необична вредност — „Парусија на манастирот Св. Јован Бигорски", која, на жалост, засега не можеше да се пронајде во библиотеката. Во Сремски Карловци, во патријаршискиот двор треба да се наоѓаат околу два кожни сандука со старата Егзархиска Велешко-Дебарска архива и сметаат дека овие работи треба да се вратат на Епархискиот црковен музеј, т. е. на патријархот Варнава во Скопје[23]).

Со овој краток преглед на истражувањата на историските материјали и други извори за македонската историја, немам намера да дадам еден целосен поглед на оваа дејност во минатото, туку само еден дел што е обработен врз основа на сочувана документација која се наоѓа во одделни културни институции во земјата.

*К. Пешров*

## НИЗ ХРОНИКАТА НА ЗНАЧАЈНИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО РИМ

Некои од најстарите римски споменици во разбирлив соодnос се поврзани со историските настани што заслужуваат внимание. Не станува збор само за градежната, уметничката и естетската историја на тие споменици, ами и за еден сплет на воени и политички, па и споменички, настани како на вистинска сцена. Можеби оваа околност произлегува од фактот дека други споменици не се зачувале до наше време, или пак, токму, овие споменици имале и најзабележлива историја, па и настаните најбурно поминувале низ нив.

Секако дека вонредно интересна сцена на историските настани претставува Хадријановиот мавзолеј во Рим, сега познат како Кастело Сант Анџело. Денешната кружна градба со фортификациони градобрани се наоѓа во средиштето на еден квадратен бастион, а уредениот простор е наменет за Уметничкиот и Војниот музеј, за Музејот на римската историја и Музејот на историјата на Кастелот. Тука се изложени збирки на оружје од различни епохи, други воени експонати, слики, стукодекорација и скулптура предимно од времето на ренесансата.

Првобитната градба била започната 138 година, шест дена пред смртта на императорот Хадријан, со име Moles Hadriani, а завршенас е во 139 година од императорот Антониус Пиус. Во овој мавзолеј бил закопан Хадријан и членовите на неговата фамилија, а подоцна и други императори[1]).

Хадријановиот мавзолеј го задржал карактерот и значењето на царска гробница се некаде да крајот на III век. Меѓутоа, настаните од IV и V век што ја потресоа Римската империја се одразија и врз мав-

---

[23]) Документите се чуваат во Архивот на Македонија — Скопје.

[1]) 161 година тука е закопан Антониус Пиус; 180 година Марко Аврелиј; 192 година Комодус; 193 година Пертинакс; 211 година Септимиус Севрус; 217 година Каракала.

золејот кој не само што не остана царска гробница, туку постепено ги загуби сите уметнички вредности, станувајќи само тврдина. Во својство на тврдина мавзолејот, во 500-та година, беше използуван од кралот Теодорих дури и за државен затвор.

Натамошните настани во текот на, речиси, целиот VI век му причинија значајни штети на мавзолејот. Така, веќе во 537 година 30.000 Готи на јуриш го освоија мавзолејот и по нивното одење ги оставија сите уметнички предмети во урнатини. Малку време по ова, византиската војска на Велизариј ги ограби одново насобраните вредности во мавзолејот. Готскиот крал Тотила на двапати, во 546 и 549 година, го освои мавзолејот, ограбувајќи ги неговите вредности. Дури во 552 година готската посада на мавзолејот, со веќе награбани драгоцености била принудена на предавање.

Сегашното име мавзолејот го добил по повод на еден интересен настан. Постои навод дека во 590 година, за време на една молитвена процесија заради чумата, му се сторило на папата Григориј дека го видел архангел Михаил како го става мечот во канија на врвот на мавзолејот и по оваа визија чумата во Рим престанала. Како промеморија на овој настан папата Бонифациј IV ја подигна 607 година, на врвот на мавзолејот, капелата посветена на архангел Михаил „in excelsis", според која мавзолејот почна да се наречува Кастело Сант Анџело. Ваквата светост, меѓутоа, не му осигури безбедност на Сант Анџело, бидејќи во 755 година го освоија Ломбардите, а во 846 година Сарацените.

Во текот на долгиот период од IX до XII век тврдината Сант Анџело имаше големо значење во воените и политички настани и во соодносите на папите со италијанските велможи и со германските императори. Во овој период Сант Анџело стана арена за разрешување на најразлични политички судири, така што некои папи и велможи беа во него затворени, а други тука и погубени.[2])

Во периодот од XIII век само еден настан се издвојува од кравите пресметувања и оштетувања на Сант Анџело. Во 1272 година. Чени деи Пепи Чимабуе го насликал Сант Анџело во Асизи. Ова е важно не само затоа што е тоа прва сликана претстава на тврдината, ами,

---

[2]) Во 896 година во Сант Анџело беше затворен папата Формузус; 928 година беше затворен во Сант Анџело папата Јован X и потоа усмртен со гладување; 965 година беше овде затворен папата Јован XIII; 974 година грофот од Тускулум нареди да биде задавен во Сант Анџело папата Бенедикт VI; 984 година папата Бонифациј VII го усмрти со гладување во Сант Анџело папата Јован XIV; 998 година императорот Отон III го освои Сант Анџело со јуриш и нареди да бидат декапитирани дванаесет римски велможи на врвот на тврдината а нивните тела да бидат фрлени долу; 1083 година побегна папата Григориј VII во Сант Анџело, откако Латеран го заземе кралот Хенрих IV, а 1084 година Роберт Гвискар го ослободи папата Григориј VII и го врати назад во Латеран; 1091 година римјаните го освоија Сант Анџело, за да ја истераат од таму посадата на папата Урбан II. Со голема мака му успеа на папата да го задржи разбунтуваниот народ од потполното разурнување на Сант Анџело. Осум години подоцна папата Урбан II успеа со преговори пак да стане поседник на тврдината; 1133 година папата Анаклет II го бранеше Сант Анџело против кралот Лотар II; 1145 година побара папата Луциус II прибежиште во Сант Анџело, од прогонувањата на сенаторите на римската република.

уште повеќе, дека во текот на XIV век Сант Анџело ќе биде разурнат и 25 години подоцна обновен со видоизменувања.

Од настаните во XIII век познато е дека за подобро осигурување на комуницирањето на Ватикан со Сант Анџело е подигнат во 1277 година спојниот премин — еден долг бедем со пат врз високи сводови. Римјаните, водени од Римскиот кнез Орсини, по втор пат во 1303 година го заседоа Сант Анџело. Подоцна, во 1312 година тврдината беше одбранета од нападите на германскиот крал Хенрих VII. Познато е натаму дека Кола ди Риенци, по своето отстапување, во 1347 година побарал прибежиште во Сант Анџело. Во настаните по Авињонскиот период, во 1378 година римскиот народ го опсади Сант Анџело и тогаш по прв пат посадата со 75-те топови од тврдината го бомбардираше предградието Борго, кое го разурна сосема. Една година подоцна (во 1379) Сант Анџело по трет пат беше заземен од римскиот народ и тогаш од ѕидовите беше симната останатата мермерна оплата и употребена за поплочување на улиците. Многу подоцна, во 1404 година Сант Анџело беше обновен и воспоставен спојниот премин со Ватикан.

Голем број политички пресметувања се одигруваат во Сант Анџело и во текот на целиот XV и XVI век, при што доаѓа до оштетувања на тврдината и до натамошни поправки. Но и во овој период тврдината ја зачувува старата улога и значење.[3])

Мирниот период на Сант Анџело почнува од XVII век, кога се средуваат односите меѓу папите, велможите и кралевите на дипломатски и протоколарен начин. Тоа трае и низ целиот XVIII и XIX век[4]).

Од старата градба сега се останати четири гробници во централната дворана, каде што биле положени императорите. Зачувани се исто така и затворите во кои биле Беатриче Ченчи, Бенвенуто Челини, Цезар Борџиа и Алесандро Каљиостро, а од папските простории еден салон е декориран од Рафаело Санти.

Втор многу значаен, меѓу постарите римски споменици, е Пантеон, во кој се одвивале историски настани исто толку интересни како и во Сант Анџело. Денес, тоа е доста сочувана и реставрирана градба со предворје и кружна дворана покриена со грамадна купола.

---

[3]) Меѓу 1404 и 1417 година обновениот Сант Анџело беше опсаден од неаполитанските трупи. Во 1433 година во Сант Анџело најде засолниште пред кондотјерот Фортебрачо, папата Еуген IV.

Во 1434 година римјаните одново се обидоа да го опсадат Сант Анџело, но топовите на тврдината ги попречија; 1453 година велможот Паскаро, што сакаше да го оддели Рим од папското господство, беше обесен на Сант Анџело; 1473 година папата Сикст IV нареди да ја подигнат Сикстинската капела во Ватикан со камењето од Сант Анџело, но во 1497 година од удар на гром, во депото за барут на тврдината, настана голема експлозија, при што беше уништена горната катна градба и дури 1502 година одново обновена; 1526 година папата Клеменс VII беше 6 месеци опсаден во Сант Анџело од трупите на Карло V; 1597 година беше во Сант Анџело затворена и декапитирана Беатриче Ченчи.

[4]) Во 1625 година папата Урбан VIII нареди да биде одново подигнат градобранот и оттогаш го има Сант Анџело својот сегашен изглед. Во 1770 година беше поставена сегашната бронзена статуа на архангел Михаил на врвот на тврдината При испитувањата во XIX век овде беше откриена колосалната глава на императорот Хадријан, што сега се наоѓа во кружната дворана на Ватиканскиот музеј.

Во одамнешни времиња местото било наречено гавранско мочуриште, како најниска точка на Марсово Поле, каде што од ридот Квиринал дотекувал потокот Петраниус. Тука стоеле олтарите на Јуно Капротина и на Јупитер Полифугиа. Овде, 27 години п. н. е., бил подигнат еден правоаголен храм што подоцна императорот Август го посветил на Марс Ултор, а Плиниус го нарекол Пантеон. По еден пожар, 80 години п. н. е., храмот го возобновил императорот Домицијан. По вториот пожар од удар на гром, при што изгорела внатрешноста, императорот Хадријан во 117 година наредил потполно преизградување. Оттогаш храмот ја добил денешната кружна форма со величествена купола, што била обложена со позлатени тули, и предворје покриено со позлатена бронза. Внатрешноста на куполата ја има уште и денес зачувано касетираната оплата, но во касетите нема веќе позлата.

Во овој свечен простор често претседателствувал на судскиот трибунал самиот Хадријан. Во 202 година императорот Септимиус Северус наредил да се обложат ѕидовите со мермер. Од 410 до 455 година започнува постепеното опаѓање на градбата и декорацијата.

Во 609 година папата Бонифациј IV го посветил Пантеон за христијански храм на Мајката Божја — Санта Марија од Мартирес, па тогаш се донесени од катакомбите и посмртните останки на христијанските маченици. Во 610 година беше изведена реставрација на Пантеон со камен од Августовиот форум. Но инаугурацијата не му помогна на Пантеон — Санта Марија ад Мартирес да се сочува од ограбувања дури и од христијани[5]), па подоцна папата Григориј III нареди покривот да се обложи со оловни листови.

Од IX па сè до почетокот на XV век Пантеон е место на разрешување на политички антагонизми и внатрешни борби дури, и по 1303 година, кога папата Бонифациј IV го отвори овде римскиот универзитет „La Sapienca"[6]).

Веќе од почетокот на XVI век Пантеон станува мавзолеј на значајни луѓе, особено уметници. Така, во 1520 година во Пантеон беше закопан Рафаело Санти, а во 1536 година Балдасаре Перуци. Во ова време на ренесансни разбирања Пантеон и споменички станува интересен, бидејќи е познат еден опис од Мартин Лутер во 1511 година. Ова вистинско разбирање на вредноста на Пантеон трае и понатаму, па во 1550 година одново е преѕидано предворјето на Пантеон и тоа станало толку привлечно место што се до крајот на столетието сликарите тука изложувале свои слики. Намената овде да се закопуваат сликари продолжува; во 1600-та година овде, покрај Рафаело Санти, е положен Анибале Карачи.

---

[5]) Во 663 година беа однесени во Константинополис позлатените тули од куполата; некои делови од декорацијата дојдоа во рацете на калифите, а други делови сакаа да ги купат во Индија.

[6]) Во 876 година папата Јован VIII одржа еден синод во Пантеон, на кој беа екскомуницирани бунтовните големци; 1086 година се затвори во Пантеон, гонет од Норманите, папата Клеменс III; 1425 година папата Мартин V нареди да се обложи покривот со нови оловни листови; 1460 година се затврди во Пантеон бандата на младиот римски кондотјер Тибуртиано, од каде што го тероризираше целиот Рим.

Ваквиот развиток на разбирањата го попречил папата Урбан VIII, за кого учените Римјани велеле: „...што не уништиле барбарите, ќе уништи Барберини:..."'. Имено, во 1625 година тој наредил да се оголи покривот на предворјето, па од 420.000 фунти позлатена бронза да бидат излиени 80 топови за Сант Анџело. Од преостанатиот материјал требал Лоренцо Бернини да излее четири колони за балдахинот над апостолскиот гроб во црквата св. Петар.

Од првата половина на XVIII век почна особено да се чувствува големата споменичка и уметничка вредност на Пантеон, па од ова произлезе и настојувањето не само да се зачува во добра состојба. ами и делумно да се реставрира неговиот првобитен изглед. Во таа цел покривот беше обновен со античните камења од Аркус Пиетатис, а во 1747 година беа обложени со мермер ѕидовите на Пантеон. Од почетокот на XIX век и папата и видните гаѓани настојуваа со откуп и дарувања да го ослободат просторот околу Пантеон од други градби, за да се уреди на естетски и уметнички начин.

Меѓу другите споменици во Рим значајно место заземале црквата св. Петар и Ватикан, и како центри од каде биле диригирани многуте воени, политички и црковни настани и како сцени на дејствија.

Црквата св. Петар, сегашната величолепна градба предимно на Браманте, Буонароти и Мадерна, со 400-годишна историја е продолжување на постарата црква што траела повеќе од 1000 години. Познато е дека на местото на црквата св. Петар бил циркусот на Калигула, изграден 37 година п. н. е., што Нерон особено го употребувал и во кој императорот Хелиогабал одржувал квадриги со слонови. Императорот Константин во 312 година основал црква на местото каде што, наводно, св. Петар за време на циркуските игри бил распнат. Набргу од материјалот на циркусот била изградена една базилика, што го заземала местото на северната страна на циркусот. Во 375 година императорот Валентинијан доизградил конфесија со дванаесет столба.

Петровата црква во крајот на V век била ограбувана од Вандалите, но служела потоа (во истиот век) и за синодални собори. Се наведува дека кралот Теодорих и византискиот војсководител Велизариј ѝ дале големи дарови на црквата, а повеќе папи нарачале декорација за црквата. Познато е дека некои папи си изградиле капели во кои биле закопани во текот на VI и VII век, а исто така се знае дека во крајот на VII и почетокот на VIII век овде биле закопани и некои англиски кралеви. Во 731 година во црквата св. Петар на еден синод била проколнета византиската иконоклазма. Во VIII век во црквата се замонашуваат англиски и лангобардски кралеви, оставајќи ги тука своите кралски облеки, жезла и круни. Во 775 година обновен е атриумот, а во 781 година папата Хадријан I ја обновил базиликата. Значението на црквата св. Петар во ова време станува така големо што од 800-та година, почнувајќи со Карло Велики, овде се крунисуваат франачките кралеви.

Меѓутоа, сосема поинакви настани направија црквата св. Петар да помине низ тешкотии. Во 846 година, откако Сараццените ги заседоа римските предградија, ја ограбија и Петровата црква, земајќи го Вели-

заровиот златен крст, златните фигури на Марија, Христос, Петар и Павле, сребрениот олтар и сребрената облога на криптата. Во 847 година еден земјотрес го разурнал атриумот. Папата Леон IV извршил поправки, дарувајќи потоа нов златен олтар. Во 855 година противпапата Анастасиј, кого што го потпирала царската странка, ги симнал главите на златните статуи и ги спалил сликите како иконоборец. Во 896 година папата Формозус нарачал да ги поправат мозаиците во Петровата црква.

Историските настани во Петровата црква во XI и XII век тргнале на лошо. Во 1086 година Норманите ја нападнале црквата во која се затворил папата Клеменс III, а борбите меѓу разните учесници траеле сè до 1087 година; 1111 година во борбите за инвеститура црквата била одново нападната и по еден колеж Хенрих V го принудил папата Паскалис II да го круниса за римски цар. По сите овие крвави настани сосема е разбирливо што, во 1123 година, папата Каликст II повторно ја осветувал црквата св. Петар, од обесветувањата на кои црквата во последно време била подложена. Но и покрај тоа, обесветувањата продолжиле и натаму Така во 1145 година се утврдиле во црквата римските републиканци. Во 1167 Фридрих Барбароса ја катапултирал црквата 7 дена, па биле запалени камбанаријата и предворјето, а портикот се урнал. Фридрих фон Ротенбург своерачно со секира отворил пет врати на црквата, кои потоа биле однесени во Витербо. Во црквата потоа настанало страшен колеж, па по ваква принуда папата Паскалис III го крунисал Барбароса за римски патрициј. Дури неколку децении подоцна Инокентиј III, по 1198 година, го обновил атриумот, нарачал мозаична декорација и ги вратил порталните крила од Витербо. Во 1341 папата Бенедикт XII нарачал да се обнови покривот на црквата, а во 1347 година во црквата е крунисан со шест круни Кола ди Риенци, како народен трибун. Од крајот на XIV век, по враќањето од Авињон, папите редовно биле закопувани во црквата св. Петар. Последното средновековно ограбување на оваа црква го има сторено во 1413 година неаполскиот крал. Во 1425 година папата Мартин V наредил да биде обновен атриумот.

Идејата за градење на новата црква на св. Петар настанува во 1450 година кога Бернардино Росолино поднесол планови за петкорабна, петкуполна базилика, но овие планови не биле реализирани.

Вистински, дури на 18 април 1506 година беа започнати темелите на новата црква, по порачка на папата Јулиј II. Според планот на Браманте требаше да се постави еден нов Пантеон врз грамадна градба во форма на грчки крст. Во натамошното изведување на градбата учествуваа повеќе архитекти: Донато Браманте, Џулиано да Сан Гало, Рафаело Санти и уште двајца помалку значајни уметници. Најзначаен е придонесот на Микеланџело Буонароти, во времето од 1546 до 1564 година, кој врз градбата на латински крст проектира грамадна купола. Изградувањето на оваа купола е продолжено според Буонаротиевиот план да се заврши за 22 месеца — па во времето од 1588 до 1590 година работеле дење и ноќе 800 работници. Во 1586 година повторно е поставен пронајдениот голем обелиск на плоштадот; 1610 година се поставени фонтаните, а 1612 година Карло Мадерна ја доврши западната фасада на базиликата.

Дури на 18 ноември 1626 година беше посветена новата црква на Св. Петар, 1300 години по основањето на старата. Во 1667 година изградена е кружната колонада што чинеше колку и дотогашната градба на оваа црква.

Најмладиот од сите споменици, иако еднакво значаен во историски смисол, е Ватикан со комплексот на палати, галерии, дворани и тремови. Познато е дека во 514 година папата Симахус подигнал за римскиот бискуп една резиденција, крај старата црква на Св. Петар, наречена Епископија. Таа не била папска папата, бидејќи папите, во тоа време а и подоцна, резидирале, во Латеранската палата. Епископијата беше наменета и за гостинска палата на црквената држава, па во неа во 774 година престојувал Карло Велики, а повторно во крајот на 799/800 година кога бил крунисуван. Тогаш Епископијата станала и кралска палата и во неа по трет пат во 800/801 год., престојувал Карло Велики. Леон III наредил изградба на уште еден триклинион и голема бања. Во 850 година биле изградени 10 метра високи ѕидови со 44 кули што требаа ватиканскиот простор во иднина да го бранат од нападите на Сарацените, а кои веќе еднаш беа во Рим во 846 година. Во времето од 854 до 1145 година престојувале во кралската палата многу кралски личности[7]). Во 1145 година папата Еуген III наредил да се започне со изградбата на една нова палата, па од 1159 година, кога овде се затврди папата Александар III, комплексот почна да се наречува Ватикан. Во 1191 година новоградба нарача папата Целестин III, а папата Инокентиј III, во 1204 год., го огради Ватикан со нови ѕидови и тврдински кули; 1301 година папата Бонифациј III го прими во Ватикан поетот Данте Алигиери; 1379 година по, паѓањето на Сант Анџело, папата Урбан VI се повлече во Ватикан; 1380 година римскиот народ го нападна Ватикан по наговор на противпапските агенти; 1392 година го нападна Ватикан насобрана војска, па затоа папата Бонифациј IX во 1398 год., одново го затврди. Во текот на XV век престојуваат наколку кралеви во Ватикан.

Веќе од средината на XV век во Ватикан нема никакви крвави борби и судири, ами, напротив, настојувања за изградување, уредување и декорирање. Во овој смисол во 1443 година се обновени и преизградени нови тврдински ѕидови и библиотеката, а во 1473 година Сикстинската капела и уште четири библиотечни сали; 1484 година беше изграден големиот влезен портал и Белведере, што го декорирал Мантења; 1506 година беше донесена во Белведере групата Лаокон од термите на Титус. Во времето меѓу 1508 и 1510 година настанаа Рафаеловите Станци и званичните дворани на папската држава, со вонредно значајните Рафаелови фрески. Во времето меѓу 1507 и 1512 година Буонароти го наслика сводот на сикстинската капела, а од 1533 —1541 година ја наслика големата композиција на Страшниот суд; 1543 година е поставено во предворјето на Белведере торзото на Хермес, кое е најдено кај Сант Анџело.

---

[7]) Кралот Лудвиг II, истиот повторно 864; 868 кралот Лотар од Лотарингија; 983 година тука умре кралот Отон II; 1027 година престојувале кралот Конрад II, кралицата Гизела, кралот Рудолф од Бургундија и Англискиот крал Канут.

Од XVI век, а особено во XVIII и XIX век, настанаа нови градби во Ватикан, особено оние што биле наменети за музејски и галериски експонати.

Вон сомневање е дека и во Латеран и на Капитолин и на други места во Рим имало исто така важни настани, но овие овде, што имале значење дури и во светски рамки, се издвојуваат за да бидат споменати според веќе одамна познатите податоци[8]).

*Д. Пешрушевска*

## РАЗРАСНУВАЊЕ НА ЕДНА НАУКА

### (По повод на I-от меѓународен конгрес на микенолозите)

Во областа на античките студии, во последниве две децении брзо се разви и високо се издигна една нова научна гранка — микенологијата. Нејзиниот развиток е од особено значење и за историчарите, зашто таа им овозможува да навлезат во проучувањето на, засега, најстариот познат период од грчката историја.

Повеќе од половина век, една друга наука го отвораше патот што водеше кон разрешување на проблемите и кон подобро запознавање со овој период од грчката историја, а тоа е археологијата. Епохалните откритија на Х. Шлиман во континентална Грција (Микена и Тиринс) и на А. Еванс на Крит (во Кнос) беа темели на коишто се изгради оваа нова научна гранка. И како што откритијата на Шлиман и Еванс предизвикаа во свое време восхит, а она од Шлиман направи и пресврт во науката, особено во хиперкритичното пријдување кон проучувањето на историјата, така во нашево време ние сме сведоци на едно не помалку значајно откритие на М. Вентрис, кое, можеби, не направи голем пресврт, но внесе многу светлина во нејасната историја на Грција од II-от милениј пред н. е.

Има нешто зачудувачко и феноменално што им е заедничко и на двете големи откритија во полето на антиката, во ископувањата на територијата на Грција и во дешифрирањето на микенското писмо а тоа е што главните актери, кои во нив се прославија, беа луѓе што само како аматери ѝ пријдоа на целата работа — Хајнрих Шлиман, германски трговец, но пасиониран читател и обожавател на Хомер, и Мајкл Вентрис, талентиран англиски архитект, за кого одгатнувањето на микенското писмо претставувало „hobby".

Има и извесни разлики во делото на овие двајца големи луѓе: Шлиман мораше да ги урива неточните, но закоренети во науката мислења на современите авторитети и, окружен со недоверба, во една долга и

---

[8]) F. Dunbar. Rom, Sechshundert Bauwerke der Ewigen Stadt, Deutsche Buch — Gemeinschaft, Berlin, 1943; M. Borgatti, Il Mausoleo di Adriano e Castello Sant' Angelo, Roma, 1929; C. Gerasoli, Sulla chiesa e la piazza del Pantheon, Roma, 1909; C. Cecchelli, Il Vaticano, Milano, 1927; G. Fattorusso, Wonders of Italy, Florence, 1937.